Врз основа на член 45 Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на РСМ" бр.275/2019,14/2020, 215/2021 и 99/2022), Секретарот на Општина Прилеп донесе:

# О Д Л У К А
## за избор за вработување на административен службеник по јавен оглас

1.По јавниот оглас оглас бр.26/2025 објавен на 23.01.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат, Лајм за вработување на административен службеник во Општина Прилеп се избира :

- **Кандидатот со идентификациски код 71877D6, Марјанчо Беџоски** за работно место бр.1 од јавниот оглас, УПР 01 01 ГО1 000, Самостоен референт – Даночен извршител, Одделение за администрирање на приходи, Сектор за финансиски прашања - Општина Прилеп.

2.Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 23.01.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат, Лајм и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.26/2025 за вработување на административен службеник во Општина Прилеп.

Со Решение бр.10-281/3 од 29.01.2025 година, формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас од страна на Агенција за администрација на РСМ. Комисијата за селекција по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-281/4 од 07.02.2025 година.

На ден 26.02.2025 година спроведен е испит за административен службеник Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-281/5 од 26.02.2025 година.

На ден 28.02.2025 година спроведена е проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-281/6 од 28.02.2025 година

Од доставениот предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 26/2025 бр.-10-281/8 од 14.03.2025 година и конечната ранг листа, а примен и заерен во Општина Прилеп со арх.број 04-223/8 од 24.03.2025 година, Секретарот на Општина Прилеп изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Бр. 04-223/9
25.03. 2025 год.
Прилеп

СЕКРЕТАР
на Општина Прилеп
Марјан Матракоски

Република Северна Македонија
Градоначалник
Општина Прилеп

Доставено до:
- Избраниот кандидат
-Агенција за администрација (2)
-Архива и Одделение за човечки ресурси

Изработил: Мартина Багеска
Одорбрил Александра Кокароска